Outlook

## FW: Барање информации од јавен карактер

**From** gradonacalnik@valandovo.gov.mk <gradonacalnik@valandovo.gov.mk>
**Date** Wed 8/13/2025 11:48 AM
**To** [redacted]

1 attachment (72 KB)
Scan.pdf;

**----- Original Message -----**
**From:** [redacted]
**To:** [redacted]

[redacted]

[redacted]

**Sent:** Tue, 12 Aug 2025 12:15:20 +0000
**Subject:** Барање информации од јавен карактер

Почитувани,
Во прилог на овој меил ви испраќаме Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] на ваше понатамошно надлежно постапување. Ве молиме бараните информации да ги доставите до барателот на информациите. Во прилог ви го доставуваме скенирано барањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 13-08-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 997/1 | | |

04-176
05.08.

До: Министерство локална самоуправа (иматeл на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр.101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

1. Податоци за број на вработени во општинската администрација, **разделени по пол**, посебно за секоја единица на локална самоуправа (ЕЛС) за 2024 година.
2. Податоци за број на вработени во институциите основани од ЕЛС, **разделени по пол**, посебно за секоја ЕЛС за 2024 година.
3. Просечна бруто-заработувачка од час, по вработен, по **пол** и по **единица на локална самоуправа (ЕЛС) за секој месец** од 2024 година.
4. Назначени директори на институциите основани од ЕЛС, посебно за секоја ЕЛС за 2024 година (**листа имиња назначени од директорите, разделени по пол и назив на институцијата**).

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) емаил
б) по пошта

Барател на информацијата:
[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
Претседател – [redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во [redacted]

Датум: 18.07.2025 година
Потпис
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-997/2
22-08-2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-997/1 од 13.08.2025 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-997/1 од 13.08.2025 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

**Градоначалник**
**на Општина Валандово**
Перо Костадинов
[redacted]

Изработил: Стефан Димитров [redacted]
Контролирал: Владимир Лазов[redacted]
Одобрил: Соња Христова Јовановиќ [redacted]

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-997/3
22.08.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

**До**

[redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање согласно ЗСПИЈК

Почитувани,

Во врска со Ваше барање согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер пристигнато на 13.08.2025 година заведено под архивски број 10-997/1 од Општина Валандово, Ви ги доставуваме следните податоци:

1. **Вработени во ЕЛС Валандово за 2024 година**
   - Вкупно: 39 вработени (24 мажи / 15 жени)

2. **Вработени по институции основани од ЕЛС Валандово**

ЈОУ Дом на културата „25 Мај" Валандово
- Вкупно: 10 вработени (5 мажи / 5 жени)

ЈП „Комунален сервис" Валандово
- Вкупно: 40 вработени (33 мажи / 7 жени)

ЈОУ Детска градинка „Калинка" Валандово
- Вкупно: 50 вработени (8 мажи / 42 жени)

ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово
- Вкупно: 96 вработени (31 маж / 65 жени)

ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово

- Вкупно: 47 вработени (20 мажи / 27 жени)

СОУ „Гоце Делчев" Валандово

- Вкупно: 40 вработени (21 маж / 19 жени)

3. **Просечна бруто-заработувачка од час на вработени во ЕЛС Валандово за 2024 година**

- Мажи = 337 денари
- Жени = 320 денари
- Пожарникари = 400 денари

4. **Назначени директори на институции основани од ЕЛС Валандово за 2024 година**

- Ташка Гетова (жена) во СОУ „Гоце Делчев" Валандово
- в.д. Глигорије Џилвиџиев (маж) во ЈП „Комунален сервис" Валандово
- в.д. Деан Исиров (маж) во ЈОУ Дом на културата „25 Мај" Валандово

Со почит,

Општина Валандово
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Владимир Лазов
[redacted]